**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БЕРОВО**

Врз основа на член 52 точка 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019 и 14/2020), член 20 - д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на РСМ бр. 143/2019 и 14/20), а во согласност со Правилникот за систематизација на работни места во Општина Берово бр. 01 - 1017/1 од 29.12.2015 година, 01-1117/2 од 13.04.2016 година, 01-1566/2 од 15.06.2016 година, број 01-2593/4 од 19.12.2016 година, 01-617/1 од 22.03.2017 година, 01-389/1 од 30.01.2018 година, 01 – 1868/1 од 01.06.2018 година, 01 – 2757/1 од 27.08.2018 година, 01 – 2157/1 од 21.06.2019 година, 01 – 2772/1 од 06.08.2019 година, 01 – 3421/1 од 25.09.2019 година , 01 – 2003/1 од 23.06.2020 година и 01 – 137/1 од 13.01.2021 година, Интерен оглас за вработување 01/2021 со наш архивски број 04- 1181 /1 од 25.03.2021 година, а согласно Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат со наш архивски број 04- 1181 /3 од 09.04.2021 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат по интерен оглас за унапредување**
**број 01/2021**

(1) По објавениот Интерен Оглас 01/2021 со наш архивски број 04- 1181 /1 од 25.03.2021 година, објавен на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Општина Берово на ден 29.03.2021 година за унапредување на административни службеници, се избира:

1. За извршител на работите на работното место **Советник координатор за еднакви можности на мажите и жените** во Одделение за локален економски развој-Сектор за комунални дејности, заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој во Општина Берово, шифра УПР0101В01000 -1 извршител, се избира кандидатот **Биљана Каламадевска**.

(2) Именуваната од точка 1 од оваа одлука ќе биде унапредена на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување за избраниот административен службеник.

(3) Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе биде објавена на интернет страницата на Општина Берово.

(4) Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Градоначалникот на Општина Берово до Одделението за управување со човечки ресурси достави Барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници со архивки број 08-1178/1 од 25.03.2021 година, со кое се бара започнување на постапка за унапредување на два (2) административни службеници во Општина Берово за работните места: 1. шифра УПР01001В01000 звање и назив – Советник координатор за еднакви можности на мажите и жените во Одделението за локален економски развој, Сектор за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален еконосмки

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БЕРОВО**

развој во Општина Берово – еден (1) извршител, и 2. шифра УПР0101В01000 звање и назив Советник за утврдување и наплата на данок, такси и други надоместоци во Одделението за финансиски прашања во Општина Берово - еден (1) извршител. Во барањето е наведено дека работните места се предвидени и во дел – Планирани движења на кадарот (планирано пополнување на работни места преку унапредување/или распоредување во тековната година) во Измена на Годишниот план за вработување за Општина Берово за 2021 година.

По барање од Општина Берово со архивски број 04-1184/1 од 25.03.2021 година за објава на Интерен оглас 01/2021 со наш архивски број 04- 1181/1 од 25.03.2021 година, на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Општина Берово на ден 29.03.2021 година е објавен Интерен оглас 01/2021 година за унапредување на два (2) административни службеници во Општина Берово за работните места: 1. шифра УПР01001В01000 звање и назив – Советник координатор за еднакви можности на мажите и жените во Одделението за локален економски развој, Сектор за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економсмки развој во Општина Берово – еден (1) извршител, и 2. шифра УПР0101В01000 звање и назив Советник за утврдување и наплата на данок, такси и други надоместоци во Одделението за финансиски прашања во Општина Берово - еден (1) извршител.

Комисијата за селекција за унапредување на ден 09.04.2021 година спроведе административна селекција за интерен оглас (Записник 04-1181/2 од 09.04.2021 година) и интерјву (Записник 04-1181/3 од 09.04.2021 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција за унапредување изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат со наш архивски број 04- 1181 /3 од 09.04.2021 година, која во законскиот рок е доставен до Градоначалникот на Општина Берово за избор на кандидати.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014........ 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), Градоначалникот на Општина Берово по разгледување на доставената финална ранг листа одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против Одлуката за избор незадоволниот административен службеникима право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот приемот на истата.

*Изготвила: м-р Зорица Ризовска*
*Контролирала: Емилија Ваканска*

**Број 04 – 1355 /1**
**12.04.2021 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски**

**Доставено до:**
- изберениот кандидат
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива на Општина Берово
- досие на вработениот